*Универзитет за туризам и менаџмент*
*Бр. 02-267/1*
*20.10.2015*
*Скопје*

Согласно член 92, точка 1, алинеа 15 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје и согласно член 52, точка 1 алинеа 17 и 144 од Законот за високо образование („Службен весник на РМ“ број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015 и 154/2015), Сенатот на Универзитетот на седницата одржана на 20.10.2015 ја донесе следната

# *ОДЛУКА*
## *за доделување на титула*
## *ПОЧЕСЕН ПРОФЕСОР (PROFESSOR HONORIS CAUSA)*
## *на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје*

1. На **Академик Иво Шлаус,** Почесен Претседател на Светската Академија на науки и уметности, Декан на Високата школа за меѓународни односи и дипломатија „Dag Hammarskjöld“ Загреб, Хрватска, му се доделува титулата **ПОЧЕСЕН ПРОФЕСОР (PROFESSOR HONORIS CAUSA)** на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, за неговиот посебен придонес за развој на научната мисла и меѓународна афирмација на високото образование на Република Македонија.
2. Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.
3. Одлуката со доделување на титулата **ПОЧЕСЕН ПРОФЕСОР (PROFESSOR HONORIS CAUSA)** да се официјализира на Свечената седница на Сенатот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, што ќе се одржи на 02.11.2015 година.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно член 92, точка 1, алинеа 15 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје и согласно член 52, точка 1 алинеа 17 и 144 од Законот за високо образование („Службен весник на РМ“ број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015 и 154/2015), Сенатот на Универзитетот на седницата одржана на 20.10.2015, со голема почит кон достигнувањата и разновидната професионална кариера на академик Иво Шлаус, ја донесе одлуката, како што е наведено во воведот на овој документ.

**Академик Иво Шлаус** (роден во 1931 година во Сплит, Хрватска) е Почесен Претседател на Светската академија на науките и уметностите и Декан на Високата школа за меѓународни односи и дипломатија „Dag Hammarskjöld“ во Загреб, Хрватска. Неговата примарна научна област е нуклеарната физика и има објавено преку 360 труда и пет монографии од ова подрачје. Од посебен научен интерес на академик Иво Шлаус се општествените науки, особено во сферата на меѓународните односи, одржливиот развој и општество втемелено на знаење.

Членството на академик Иво Шлаус во бројни меѓународни организации, само по себе говори за широкиот спектар и значење на неговата работа, не само во регионот, туку и во светски рамки. Од 2000 до 2003 година е застапник во Хрватскиот сабор и член на Одборот за меѓународни односи, како и на Одборот за образование, наука, култура и спорт на Република Хрватска. Академик Шлаус е член на бројни меѓународни академии. Член и основач е на Academia Europaea, член на Претседателството на Светската академија на науки и уметности и нејзин Претседател за Југоисточна Европа. Надворешен член е на Македонската академија на науки и уметности, дописен член на Црногорската академија за науки и уметности, како и на Академијата за медицински науки на Хрватска. Покрај тоа е член на Меѓународниот Совет за студии од областа на политичките науки, член на Светскиот Форум за иновации, основач и Претседател на Меѓународниот центар за одржлив развој во Љубљана. Од 2002 година станува член на Меѓународното собрание на Конференцијата за наука и прашања од светско значење во Пугваш, како и член на Почесниот Одбор и панелист на меѓународните конференции: Религија, наука и животна средина - Јадранско море, море изложено на ризик, единство во целите, од Атина до Венеција. Од 1987 година е член на Римскиот клуб, а во 2008 година е именуван за член на Меѓународниот Совет на Римскиот клуб.

Академик Иво Шлаус е добитник на бројни домашни и меѓународни награди за својот исклучителен придонес за развојот на научната мисла во светски рамки, а во 2008 година има добиено државна награда за животно дело.

Академик Иво Шлаус како Почесен Претседател на Светската академија на науките и уметностите, со голем интерес и заложби преку разни форми и проекти имплементирани преку оваа академија, активно придонесува за развојот на академската мисла и високото образаование во светски рамки, како и во Република Македонија.

*Доставено до:*
- *Архива;*
- *Именуваното лице;*
- *Генерален секретар на Универзитетот.*

**РЕКТОР**
**Проф. Д-р Аце Миленковски**